Врз основа на чл. 22 и 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19 и 267/20), член 76, став 1 76-ж од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) , член 20 - г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), а согласно Одобрението за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии на РСМ, под бр. 18-2145/2 од 23.03.20221 г.и Одлуката за објавување на јавен оглас бр.0402-129/1 од 18.05.2021 г.вд директорот на НУ Драмски театар Скопје објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**

НУ Драмски театар Скопје, има потреба од вработување на неопределено време и тоа на:

1. **Реквизитер** (КУЛ 04 05 Б01 008) - 1 Извршител- да има најмалку средно економски или општо четиригодишно/тригодишно средно образование, без работно искуство (40 часа неделно според распоредот на проби и претстави). Основната нето плата изнесува 23.759,00; Националност: македонска

2. Гардеробер за театарски костими (КУЛ 0401В01004)- 1 Извршител, да има најмалку основно образование, без работно искуство (40 часа неделно според распоредот на проби и претстави). Основна нето плата изнесува 20.740,00 ден. Националност: македонска

3. Декоратер (КУЛ 0401А03006)- 1 Извршител, да има најмалку основно образование, без работно искуство (40 часа неделно според распоредот на проби и претстави). Основна нето плата изнесува 22.518,00 ден. Националност: албанска

Кандидатите кон пријавата треба да приложат докази за исполнетост на општите услови за вработување и тоа:

-копија или оригинал државјанство на Република Македонија;
-активно да го користење на македонскиот јазик (ќе се утврди на интервјуто);
-да е полнолетен- на увид копија од лична карта;
-да има општа здравствена способност за работното место , не постар документ од 6 месеци, и

- да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност, не постар документ од 6 месеци.

Покрај докази за исполнетост на општите услови за вработување, кандидатот треба да достави и докази за исполнетост на посебните услови за вработување, и тоа:

- диплома/ уверение за завршено образование, оригинал или копија заверена на нотар;

- кратка биографија.

Јавниот оглас трае 5 (пет) дена од денот на објавување во дневниот печат.

Пријавите со потребните документи да се достават до архивата на Театарот или на адреса: НУ ДРАМСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ, ул.„Шекспирова“ бр.15, 1000 Скопје.

Пријавените кандидати со валидни и комплетни документи ќе се известат за одржувањето на интервјуто. Изборот ќе се изврши во рок од 45 дена по истекот на рокот на пријавувањето, согласно законските прописи и општи правни акти на Театарот.

Вд.Директор на НУ ДТС

Катарина Коцевска- ХациВасилева